Друштво за сервисни услуги ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС ДООЕЛ Дебар
Ул: 8ми Септември бр 25 Дебар, моб:+38975 277 774
емаил: contact@cleaningservisefresh.com

**Општи услови за достава на месечна пресметка (фактура) на друга адреса и користење на електронските медиуми за комуникација.**

**1. Барање за достава на друга адреса / е-фактура**

**1.1 ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС** може да го одбие барањето за достава на друга адреса или е-фактура или да го прекине веќе одобреното барање, ако утврди, дека барателот постапил спротивно на општите услови за достава на месечна пресметка (фактура) на друга адреса и користење на електронските медиуми за комуникација што ги пропишал давателот на услугата:

- ✓ Ако барателот не ги достави, сите податоци кои се наведени во барањето или ако не ги достави, потребните документи со кои се потврдува веродостојноста на податоците,
- ✓ Ако постои сомнеж во веродостојноста на доставените податоци,
- ✓ Ако постои сомнеж за злоупотреба на услугата или се утврди злоупотреба на услугата,
- ✓ Ако против барателот има судска постапка, присилна наплата, стечај, ликвидација или било која друга слична постапка, од која произлегува, дека барателот има проблеми со функционирањето и исполнувањето на задолженијата,

1.2 Барателот е должен, одма да ги пријави настанатите промени на податоците ( на пример: промена на сопственоста, промена на адресата на постојано живеење, промена на е-маил адресата и другите податоци кој се наведени во барањето) , кои имат влијание при одобрување на барањето или имаат влијание на важноста на барањето. Ако барателот настанатите промени не ги пријави, **ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС** може да ја прекине услугата. Сите финансиски последици, настанати заради не навременото јавување на промените, го оптоваруваат самиот барател, односно неговиот правен наследник.

1.3 При промена на битни податоците на барателот и/или статусни промени на барателот, **ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС** може да бара да се поднесе ново барање.

1.4 Ако промената на податоците не се достават до **ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС**, испратените фактури и другите известувања испратени на друга адреса или е-пошта на барателот, која ја пријавил во барањето, се сметаат за уредно доставени.

1.5 Барателот мора да има над својата е- пошта постојан надзор и е одговорен за сите последици и штети , кои би настанале заради употреба или злоупотреба од страна на неовластено трето лице.

## 2. Собирање и чување на податоците

**2.1 ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС** при своето работење обработува податоци кои му ги посредува барателот и за таква обработка на податоците барателот дава своја согласност со својот потпис. **2.2 ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС** податоците од барателот ќе ги чува и обработува во склад со Законот за заштита на лични податоци.

**2.3 ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС** од барателот ги собира следните податоци:

- ✓ Име и презиме за физички субјекти / име и организациски облик за правни субјекти,
- ✓ Адреса на постојано живеалиште (од лична карта) за физички субјекти /
- ✓ адреса на правниот субјект,
- ✓ Датум на раѓање за физички субјекти / даночен број за правни субјекти,
- ✓ Име и презиме на лице за контакт за правни субјекти
- ✓ Телефонски број за контакт,
- ✓ Електронска адреса ,

**2.4 ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС** заради проверка на точноста на посредуваните податоци може да побара поглед во јавна исправа на барателот.

**2.5 ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС** заради проверка на точноста посредуваните податоци има право да изврши проверка на податоците во установи во кои се чуваат тие податоци.